ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за образование

ПРЕТСТАВНИК: **Даниела Адамова**

Раководител на

Сектор за образование

Предлог – Одлука

За прием и давање на трајно користење на движни ствари на средните училишта на Град Скопје

Скопје, август 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), Советот на Град Скопје, на _____ седница, одржана на _____ август 2022 година, донесе

О Д Л У К А
за прием и за давање на трајно користење движни ствари на средните училишта на Град Скопје

Член 1

Со оваа Одлука Градот Скопје прима на трајно користење движни ствари – информатичка опрема составена од 1955 (илјададеветстотинипедесетипет) преносни компјутери од моделот Lenovo ThinkPad L14 Gen 1 (AMD) P/N 2OU6CTO1WW од Владата на Република Северна Македонија.

Движните ствари од став 1 на овој член Градот Скопје ги прима на трајно користење, без надомест, согласно Одлуките на Владата на Република Северна Македонија за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, број 41-5266/1, 41-5266/2, 41-5266/3, 41-5266/4, 41-5266/5, 41-5266/6, 41-5266/7, 41-5266/8, 41-5266/9, 41-5266/10, 41-5266/11, 41-5266/12, 41-5266/13, 41-5266/14, 41-5266/15, 41-5266/16, 41-5266/17, 41-5266/18, 41-5266/19, 41-5266/20, 41-5266/21, 41-5266/22 и 41-5266/23 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 168/22 и 169/22).

Член 2

Градоначалникот на Град Скопје и директорот на Државниот завод за статистика ќе склучат договори со кои поблиску ќе ги уредат правата и обврските за приемот на движните ствари од член 1 став 1 на оваа Одлука.

Член 3

Движните ствари од член 1 став 1 на оваа Одлука, Град Скопје ги дава на трајно користење, без надомест, на средните училишта на Град Скопје.

Член 4

Градоначалникот на Град Скопје и директорите на средните училишта на Град Скопје, ќе склучат договори со кои поблиску ќе ги уредат правата и обврските за давањето на трајно користење на движните ствари од член 1 став 1 на оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _____
_____ Август 2022 година
С к о п ј е

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески с.р.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на оваа одлука е членот 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02), согласно кој е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје.

Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 20ти јули 2022 година донесе Одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, број 41-5266/1, 41-5266/2, 41-5266/3, 41-5266/4, 41-5266/5, 41-5266/6, 41-5266/7, 41-5266/8, 41-5266/9, 41-5266/10, 41-5266/11, 41-5266/12, 41-5266/13, 41-5266/14, 41-5266/15, 41-5266/16, 41-5266/17, 41-5266/18, 41-5266/19, 41-5266/20, 41-5266/21, 41-5266/22 и 41-5266/23, со кои на Град Скопје, без надомест, на трајно користење му даде 1955 преносни компјутери од моделот Lenovo ThinkPad L14 Gen 1 (AMD) P/N 2OU6CTO1WW за потребите на средните училишта основани од Град Скопје.

Врз основа на горенаведените одлуки на Владата на Република Северна Македонија, Советот на Град Скопје го овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договори со директорот на Државниот завод за статистика и договори со директорите на средните училишта на Град Скопје, со кои поблиску ќе ги уредат правата и обврските за движните ствари.

Поради горенаведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука за прием и за давање на трајно користење движни ствари на средните училишта на Град Скопје.